СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-3077/39
27.05.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 56-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 27.05.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 56-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 17 советници, двајцата се најавија да се приклучат во текот на седницата .
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од Педесет и петтата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година

Дали има забелешки по Записникот од 55-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?
Доколку нема ве молам за усвојување на Записникот од 55-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.Едногласно е усвоен.
Констатирам дека е усвоен Записникот од 55-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-План за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година;
2. Предлог-Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци;

3. Предлог-Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци;
4. Предлог – Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци
5. Предлог-Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;
8. Предлог- Одлука за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) ;

   Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор;

   Кој е за? Едногласно. Благодариме.
9. Предлог-Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор.

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

-Предлог-Одлука за отпис на застарени побарувања за физички лица по основ данок на имот

Кој е за? Едногласно.

10. Предлог-Одлука за отпис на застарени побарувања за физички лица по основ данок на имот
11. Предлог- Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година;

12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци(Васил Цветков);
13. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани "РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште "Лазо Мицев - Рале" Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра – уметнички слики од Ѓорги Кимов;

    Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци

    Кој е за? Едногласно.

16. Предлог-Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци
17. Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Синдикалната организација на ЈП Комуналец Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
19. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за склучување на договор за регулирање на наплата на побарување по основ на комунални услуги за правни лица донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

22. Предлог-Одлука за усвојување на тримесечен извештај за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

    Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Одлука со арх.бр.02-937/3 од 25.05.2021 година, за поништување на одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци со арх.бр.02-1649/3 од 07.12.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

    Кој е за.? Едногласно.

23. Одлука со арх.бр.02-937/3 од 25.05.2021 година, за поништување на одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци со арх.бр.02-1649/3 од 07.12.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци
24. Предлог-Одлука за усвојување на на тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за давање сосгласност на измена на Годишен план за вработување на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
26. Извештај за работењето на Јвното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2021-31.03.2021 година со број 03-1307/3 од 18.05.2021 година;
27. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци со број 03-1307/4 од 18.05.2021 година;
28. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мери Парчева);
29. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Петар Таев);
30. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Александар Сапанџиев );

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Душица Крстик)

Има ли против и воздржани? Едногласно за, благодарам.

31. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Душица Крстик)

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Киро Илов)

Има ли против и воздржани? Едногласно за, благодарам.

32. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Киро Илов)

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Александар Јованов)

Кој е за? Едногласна одлука за.

33. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Александар Јованов)

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Когитацио Рационалис)

Кој е за? Едногласна одлука .

34. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Когитацио Рационалис)

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневиот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за отстапување на користење простор во сопственост на општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување по точката на дневен ред .

Кој е за? Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 35

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневиот ред за денешната седница и тоа :

Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2022 година

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли против и воздржани? Не , едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 36

Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2022 година

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање донација –Проект-идејно решение за изградба на „Парк на културата" во Кавадарци од Здружение за екологија, животна срединаи просторно планирање, ЕКО ИНДИКАТОР Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Не. Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 37**

Предлог-Одлука за примање донација –Проект-идејно решение за изградба на „Парк на културата" во Кавадарци од Здружение за екологија, животна срединаи просторно планирање, ЕКО ИНДИКАТОР Кавадарци.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на денешниот Дневен ред?

ПЕТАР НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници имам еден предлог да предложам точка на Дневен ред

Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци на Градскиот Фудбалскиот клуб. Накратко ќе ја образложам мојата точка, и по тоа што знам дека Градоначалникот веќе им има ветено на фудбалерите некоја си премија . Мојот предлог ќе биде да се доделат финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци во висина од 1 000 000 денари на ГФК Тиквеш како награда за постигнатиот успех. Се надевам дека вака предложената точка на Дневен ред ќе биде подржана од Градоначалникот и од сите советници . Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници како што и пред малку нели му образложивме заслугата е заедничка на сите нас и на фудбалерите, имаме разговарано на таа тема во однос на премија во делот на

успешноста нивна и заслужено . Сега мала консултација направивме со Правниот сектор, значи вие како советници може да ја подржите како Предлог дополнување на точката на Дневниот ред , ние после тоа ќе продолжиме ребаланс, односно промена на Програмата за спорт каде што тие средства ќе ги дадеме наменски за давање на премија на чинителите на Фудбалскиот Клуб Тиквеш , така да за мене е прифатливо и е оправдано, во другиот дел оставам на советниците. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Предлогот на колегата Петар го ставам на гласање.Едногласно подржан. Благодариме колеги.

Сега ваквиот Дневен ред го ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно 19 за. Колеги можеме сега да одиме точка по точка .

1. Предлог-План за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема збор, објаснување од Градоначалникот . Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани според Планот на Владата и во кординација заедно со ... за корупција којашто за првпат во нашата држава имаме таква институција, а и со оглед на настанатите ситуации во делот на зголемувањето на корупцијата, поготово на централно, на локално ниво и било кое, ние изготвивме План за борба против корупцијата на Општина Кавадарци . Сите слаби точки во тој План се опфатени, така што мислам дека како општина и како население сме на едно високо ниво во делот на стручната спрема и немањето на корупција, меѓутоа фактот никогаш не може да го оставиме занемарлив така да овој План за борба против корупцијата ги опфаќа сите точки , сите слаби карики за да бидат комплетно иземени за да може да бидеме една од ретките општини која што ќе биде со 0 корупција или во делот на заштита на граѓаните и на нашето население. Не е секаде корупцијата само материјална , некогаш корупцијата може да доаѓа од многу други работи, од опструкции , од неодговарања на предмети , од насочувања на други стручни тела во грешка насока, така да целокупниот План ќе биде опфатен и целокупно имплементирање на софтверски систем, на дигитализација заедно со Американската Амбасада и УНДП ќе имаме проект кој што во наредните години ќе треба да го изработиме и со сето тоа ќе биде и мотив и потик за барање или ние како советници и Градоначалник и општини да децентрализацијата конечно веќе еднаш почне да се спушта на повисоко ниво, односно да државата ги децентрализира и поголемиот дел од финансиските конструкции на самите општини.Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Дали друг советник бара збор? Доколку нема, точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно благодарам.

2.Предлог-Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор?Не бара никој, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

3.Предлог-Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не бара никој , точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно.

4.Предлог – Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци

Отварам расправа. Колеги дали некој бара збор?Точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

5.Предлог-Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за ? Едногласно.

6.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

7.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?Не . Точката ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.

8.Предлог- Одлука за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) ;

Отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање . Кој е за ? Едногласно.

9.Предлог-Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор.

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање. Кој е за ? Едногласно.

10.Предлог-Одлука за отпис на застарени побарувања за физички лица по основ данок на имот

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

11.Предлог- Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година;

Отварам расправа. Ако не бара никој збор, Градоначалниче да ве замолиме ако сакате вие да објасните .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Како и секоја година , така и оваа година во Планот и Програмата којшто е донесен за 21 година имаме План за субвенционирање на ефикасни грејни тела, кое што се покажа многу популарно и од големо значење во делот на Општина Кавадарци и во делот на загадувањето, меѓутоа и во ефикасноста на грејните тела . Доколку оваа точка биде сега изгласана, нормално од утре по потпишувањето на Заклучокот, од утре ќе биде повикот пуштен. Повикот ќе трае 3 недели според Правилник и во тие 3 недели ќе си аплицираат сите што според Правилник одлука ќе ги исполнат условите и нормално ќе бидат според Правилникот .Сумата вкупна за оваа намена , за оваа година е од 1 200 000 денари . Така да очекувам оваа сума да биде максимално искористена . Исто претходната мерка која што ја имавме беше со велосипедите, каде цела сума се искористи, над 100 велосипеди дадовме субвенции. Очекуваме интересот тука да биде поголем , така да поединечната субвенција најмногу би била до 15 000 денари , така да или 50 % од сумата , а најмногу до 15 000 денари . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно.

12.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци(Васил Цветков);

Одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

13.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој , точката ја ставам на гласање . Кој е за ? Едногласно.

14.Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ” Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.

15.Предлог-Одлука за примање донација на материјални добра – уметнички слики од Ѓорги Кимов;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

16.Предлог-Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

Овие се донации, им се заблагодарувам на сите донатори од името на Советот и Општината.

17.Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не. Ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

18.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Синдикалната организација на ЈП Комуналец Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно.

19.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за ? Едногласно.

20.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Само објаснување од Градоначалникот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ова е пракса веќе втора односно трета година Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги, а нормално и трошковите кои се во постапка спроведена пред надлежните судови или нотари. Се покажа како многу добра пракса во интерес и благодет на самите граѓани, сите оние кои што имаат долгови натрупано

од претходни години , а не се нормално застарени , а се на некој начин и пред нас оптужени и со извршни решенија , да не ги оптеретуваме граѓаните, да не ги теретиме со камати, да не ги изложуваме на непотребни трошкови, оваа одлука денеска што ја носиме исто како и претходната е за давање можност да се склучи договор на рати и тоа ми се чини дека беше на 24 рати за стариот долг со ослободување на комплетно каматната листа и трошоците. Тоа е тоа што го зборувавме пртходно, имаше случаи кога главниот долг е 1000 денара, а кога вкупниот долг стигнува и 10 000 денара, така да во тој дел ги заштитуваме граѓаните и ги повикувам сите да се склучи договор за да не се изложуваат на дополнителни трошкови и на дополнителен ризик, односно да бидат ослободени и од камата и од судски и нотарски трошкови.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги дали некој бара збор по оваа точка ?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Едно саркастично питање да поставам на Градоначалникот, а вија што плаќат редовно ,..значи еве две години само за виа неплаќачите ..

ГРАДОНАЧАЛНИК : Значи јас можам да ви кажам само една работа За овие три и пол години наплатата во ЈП Комуналец е 95 %. Натрупаните долгови се постари од 7- 8-9-10 години, меѓутоа се оптужени и не се застарени, што е оптужено не е застарено . Ја не можам да зборам за пред 10 години зошто не се плаќало вода или комунални услуги, сега можам да кажам дека 95% наплатата во ЈП Комуналец е остарлива на месечно ниво. Законската обврска регулатива е по основ на сите наши такси, даноци, комунални или било што, како граѓани да си го почитуваме тоа и да си го плаќаме, нормално носевме одлука и за социјални случаи, каде што му отпишавме долгови. Тие беа околу 400 000 денара, околу 60 / 70 семејства лани, така да овие што се стварно социјални случаи и загрозени, тука мислам дека треба да испадниме во пресрет, неплаќачите не треба да ги толерираме и не се толерирани . Пак ќе повторам договорот што го правиме сега и оваа одлука ги обврзува стариот долг месечно да си го плаќаат, ама покрај тоа услов е и тековната сметка редовно да си ја плаќаат и го почитуваат тоа граѓаните. Стари долгови од пред 10 години. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по оваа точка . Кој е за? Едногласно.

21.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за склучување на договор за регулирање на наплата на побарување по основ на комунални услуги за правни лица донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор од колегите ? Објаснување ради граѓаните од страна на Градоначалникот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Одлуката за физички и правни лица е различна,што е нормално .Правните лица не се ослободени од камати и не се ослободени од никакви трошокови, него само му се дава можност да го репрограмираат долгот кој што го имаат на рати и тоа ако му е со износ до 50 000 денари на две рати , до 100 000 денари на три , 150 на 4 , до 200 на 5 и над 200 000 на 6 рати, значи не ги удоволуваме правните субјекти да можат да стават, во иста правна ситуација да бидат како граѓаните . Сепак станува збор за социјални карактер, правните субјекти пошто би се случила оваа злоупотреба , ако можеме да ја потенцираме така да не плаќаат , па да си нанесат камати , па да му отпишуваме, правните субјекти едноставно тоа е одлуката за давање на максимално од 6 рати , а не отпис на камата и трошкови. Благодарам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Градоначалниче правните лица колку дугуваат за вода во Комуналец?

ГРАДОНАЧАЛНИК: Со она што го кажав дека 95 % наплатата во ЈП Комуналец е остварлива во последниве 3, 5 години . Ние воведовме уште еден систем и донесовте одлука на Совет тука заеднички на наш предлог, каде што данокот на имот и комуналните такси од Јавното Претпријатие доколку не му се исплатени, без разлика дали е физичко или правно лице не може да го отуѓе имотот односно не му пресметуваме данок на промет се додека не се исчисти кај нашите претпријатија кои се основачи во Општина . Морам да кажам и да потенцирам дека порано тука се правеле пропусти, ако можам да ги наречам пропусти , каде што многу правни субјекти поготово правни со долгови над 2-3 000 000 денари си го продале имотот, фирмата оде во стечај и буквално Општината или Јавното Претпријатие останува без никакви приходи од таа страна , односно долг кој што е натрупан , има такви долгови застарени , јас сега вака не можам паушално да кажам колку се, меѓутоа можам да кажам дека оперативниот долг на ЈП Комуналец кој што го има по основ на правни и физички лица и застарено и не застарено , она што не е отпишано е сигурно од над 80 000 000 до 100 000 000 денари , така да тоа е таа сума што е акумулирана и ставена во една база каде што треба полека, полека да се прочиствува . Нормално некогаш бараме податоци и од Централен Регистар и од Судот фирми , што веќе се во стечај , се ликвидирани, по основ на тоа тие фирми ги бришиме и ги отпишуваме . Јас можам одговорно да кажам дека последните 3, 5 години нема некое поголемо правно лице, кое не си ги плажа редовно трошковите према претпријатието , а во ниеден случај да не е оптужено или да не биде

санкционирано, така да во ред се сите компании и правни и физички лица.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Дали има друг од колегите некој за збор?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Благодариме Градоначалниче на исцрпниот одговор . Градоначалникот нон- стоп ги потенцира овие 3,5 години он како Градоначалник и ни како Совет , сега Градоначалникот кажа една страшна бројка и ја го разбирам него дека е тоа пред 8, 9, 10 години во интерес на јавноста нека се врате малце назад кој ја водеше ваа Општина последните 7,8, 9, 10 години. Ја се надевам дека веќе ќе прекине ваа пракса Комуналец да си бркат кампањи политички како што правеа . Сето воа треба да го знаат граѓаните . Не е се така. Еве ни за интерес на градот гласаме се едногласно, нема дебата, нема ништо . Ка ќе дојдат вакви точки колегата од ВМРО мудро си молче . Некој друг беше Градоначалник, некој друг беше во Советот и сега нивните грешки , некој што го водел Комуналец и вија град ние како советници си гласаме и сите молчат за сметките на Комуналец што граѓаните не обвинуваат нас , не се ногу високи. Ви сте у Советот, ви гласате , никој не го знае дека 1 500 000 евра дужат граѓани , фирми на Комуналец , па Комуналец како ЈП тоа не може да го издрже . Сите молчат 10 години. Ја знам дека Градоначалникот за виа 3,5 години ...Комуналец и со се . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колеги . Доколку нема никој за збор, точката ја ставам на гласање. Се извинувам колешке Весна . Повели .

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе , почитувани советници , почитувани медиуми и граѓани не се слагам со репликата на колегата Туриманцов зошто така? Ради тоа што, дали знаете кога ВМРО ДПМНЕ дојде во 2006 година или 2007 сега точно кога дојде на на власт во Локалната Самоуправа. Колку години Комуналното претпријатие Комуналец немаше платено придонеси за пензиско и инвалидско осигурување за вработените . Дали знаете за времето претходно , како немавме вода за пиење и колку имавме рестрикции. Не зборувајте нешто што не е така . ЈП Комуналец за време на владеењето на градоначалникот на ВМРО ДПМНЕ беше најдобро претпријатие во цела република . Врз основа на неговото работење знаете сите и сите знаеме дека добивме грант од Германската Амбасада , не можам точно 3,5 000 000 евра, не ме држете за збор , точната сума не ја памтам.3 000 000 го добивме за успешното работење за времето на ЈП Комуналец во времето на ВМРО ДПМНЕ кога беше Градоначалник претходниот Александар Панов. Овие што се отпишуваат долгови, што велите вие го направиле претходната локална, општинска власт, а тие се сите оптужени . Не се застарени , ЈП Комуналец не ги оптужило , пошто се отпишуваат ради тоа што немало

начин како да се наплатат , а не дека не се оптужени и не се побарани по присилен пат да се наплатат. Ве молам не обвинувајте нешто што не е така. Ви благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ : Лазар Туриманџов за реплика.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Благодарам Претседателе. Почитуван Градоначалниче, почитувани советници колеги . Што не е така? Ај ќе почнам од крајот . Го чувте градоначалникот, од 80 - 100 000 000 денари застарени долгови , а многу го исфалите многу убаво работел Комуналец , па ова , па она. Заборавате дека 3,5 години само носиме одлуки за камати, за отпишување на долгови. Јас сум човек што не сака да се навраќа многу назад . Еве ќе ви кажам за Комуналец . Врати си го филмот малце.Луѓето добија кривични пријави , што се не се работеше таму . Како ви се заборавите ? Па нели ви е тешко не обвинуваат зошто сме му ја качија водата на луѓето . Како не ви е тешко? Мојот татко од 500 денара сега плаќа 1500 денара вода и вие сега сакате да ми кажете дека тоа е нормално , некој друг многу убаво го водел Комуналец, 100 000 000 денари долг, 1,5 000 000 евра . Зошто добија кривични пријави , од шо го водеа многу убаво Комуналец ? Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ : Колеги ајде вака, ајде да ги оставиме тие работи и јас сум сведок и на едното претходно работење и на ова .И едното е добро и другото уште подобро. Ајде малку позитивно да одиме. По основ на починати, по основ на неможење на наплата, штом е оптужено, не постојат начини, блокирана фирма и ред други работи . Нас ни е битно дека Комуналец е во добра кондиција и дека одиме напред. Да не расправаме кривични пријави , ниту сакам да знам завршница од кривична пријава, ниту пак да слушам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Едно ќе ви кажам само го направите Комуналец дувло на ВМРО. Бивши градоначалници, бивши раководители , директори, сето е таму напикано и глумиме лудило тука ..

РИСТО САКАЛИЕВ Колеги ајде да не се препукуваме, со збор ќе ви дадам. Колеги ајде да не одиме од место , да одиме со збор .Повели.

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе, почитувани колеги советници гледам дека колегата Туриманов се спрема кондиционо за наредни локални избори, слушнавме тука еден куп обвинувања, еден куп невистини . Значи во ред е секој е да има различно мислење и различен став. Го прифаќам вашето мислење и различен став , но не се согласувам и мислам дека не сте во право. Значи овие натрупани долгови што се спомнуваат од страна на градоначалникот нели и ви тука на говорница, значи тука има удел и претходно Социјалдемократскиот Сојуз кога нели ја водеше исто така оваа општина. Ја водел. Имате различно мислење и став , но на последните

локални избори граѓаните потврдија нели кој води позитивна политика и кој го води градот во нагорна линија и затоа на последните локални избори ВМРО ДПМНЕ со кандидатот тогашниот за градоначалник Митко Јанчев победи убедливо на тие избори и со тоа граѓаните потврдија дека ВМРО ДПМНЕ води една добра политика и го води градот во добра насока и нагорна линија . Со самото тоа и колешката спомна дека ЈП Комуналец беше прогласено за најуспешно јавно претпријатие во Република Македонија и како претпријатие нели како Комуналец од град Кавадарци така и други јавни претпријатија , кои што се исто така раководени од страна на наши функционери, претходно се на некој начин во долгови , значи не значи дека по вина на некој раководител или по вина на некои граѓани, не е важно, значи има пропусти претходно правено и од страна на Социјалдемократскиот Сојуз и од страна на ВМРО ДПМНЕ , но во глобала гледано граѓаните тоа го потврдуваат дека ВМРО добро ја води општината и добро ги води јавните претпријатија и ќе ве молам нели од такви напади било дувло на ВМРО, било дувло на незнам кој , значи да не навлегуваме во такви дебати на едно ниско ниво. Благодарам.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Долговите колку што знам ги отпишуваме за 2008 и 2009 така ли?Шо е проблемот ? Кој беше на власт тогаш? СДСМ не бил на власт икогаш. Еве вака сега ќе ви кажам една друга работа . На оследните локални избори Социјалнодемократскиот сојуз на Македонија го победи ВМРО ДПМНЕ Кавадарци, а градоначалник стана Митко Јанчев, значи долговите што ги распишуваме се од 5, 8, 9. И 2009 кој беше градоначалник? Блаже исправи ме на говорница, а за вработувањата во Комуналец имате ли бивш градоначалник запослено? Имате. Имате ли бивш раководител на државна институција ? Имате .Да зборуваме ли повеќе? Кажите еден што е запослен од СДС таму, што е на раководна функција. Нема. Нема таков. Не може да го кажиш, оти нема. Ама тоа не е од сега , у вашето владеење го направивте ви тоа. Најголемите активисти ви се таму. Најголемите активисти, тие што не плукат на фејсбук, ни шо гласаме за нив, они да зимат плата, нас не плукат, не вас , ваши се активисти .Кажите еден што не е ВМРО , а шо ги плука советниците на ВМРО на фејсбук, јас ќе ви дадам еден куп од телефонот, ваши членови, нас не плукат, нас, од што гласаме едногласно од 15 000 денари плата му ја направиме колку рече ти 25 000 . Нас не плукат, а ви се ситите на тоа. Благодарам.
ДУШИЦА КРСТИЌ : Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе, почитувани колеги советници , почитувани граѓани, почитувани медиуми би се надоврзала кон зборувањето , односно мислењето на колегата Тони Нешковски во однос на тоа дека точката на дневен ред Претседателе ако може да ја прочитате уште еднаш , малку отидовме во други води.

РИСТО САКАЛИЕВ: 21.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за склучување на договор за регулирање на наплата на побарување по основ на комунални услуги за правни лица донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

ДУШИЦА КРСТИЌ: Значи донесена од Управниот Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци. Јас мислам дека е рано уште да се докажуваме и да се пукаме како што знајме нели за локални избори, политиката да ја тргнеме настрана . Управниот Одбор го води Социјалдемократскиот Сојуз од Претседател до член , меѓутоа кога станува како што спомнавте Туриманцов дека некои граѓани се чудат зошто едногласно донесуваме одлуки . Едногласно ги донесуваме одлуките, ги тргаме партиските работи настрана се во интерес на граѓаните . Кога донесовме последен пат, тензична беше и тогаш седницата за цената на водата . Значи се изборивме да ја донесиме најниската ставка на вода за да добиеме од Регулаторна Комисија цена која што ја диктира и не ми е јасно ако веќе сме тука сите собрани во интерес на граѓаните , зошто да не продолжи седницата во тој тек. Не треба да се напаѓаме како било порано, како било сега . Значи точно е дека последниве 3,5 години кој како сака може да си има свој став и свое мислење, дека се работи, да, се работи. Дека општината нема еден туку од еден до сто можам да кажам 90 каде што турбо работи за интерес на граѓаните од сите сфери. Е сега ако се враќаме наназад и ако почнеме да кажуваме , кој како и што работел и многу пати тоа сме го кажале до сега , значи дека секој оставил трага за своето работење и не може тоа да се негира . Знаевте какви рестрикции имаше за вода , знаевте какви проблеми имаше со вода , значи се почна од некој стандард на некое повисоко ниво, се добивале грантови и се правело , а сега ние се надоградуваме и треба да бидеме за пофалба, а не да се плука и затоа ве молам Претседателе понатаму да не дозволуваме сега вака да правиме сите и да собираме поени кој е подобар говорник и кој повеќе некој ќе го нападне, а ако почниме да зборуваме за дувла, кој каде е вработен тогаш треба да извадиме спискови , тогаш на што ќе личе , тогаш немаме држава, не работиме , штом на спискови ги читаме секојдневно кој и каде е вработен , така да ве молам да се држиме до текот на дневниот ред на седницата и ќе ве молам да внимавате.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колешке на замерката. Ајде уште една контра реплика, ама да е 30 секунди, после даваме збор на Градоначалникот за негово објаснување и негово видување.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ : Благодарам Претседателе. Со колешката Душица се слагам за се, за се што го кажа досега . Истиот ваков говор Душице би те предложила во Комитетот да му го кажеш на Зоран Јованчев. Истата ваша партија го коче Собранието на Р. Македонија за мерки што се

потребни за граѓаните од четвртиот пакет мерки , од петтиот, кочите комплет. Со се се слагам Душице со вашиот говор. Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро ислушнавме доста дискусии, па ние сме малтене при крај на завршување на нашиот мандат, четиригодишен Мислам дека оставивме добар пример како треба да се работе и во совет и во општина и во јавните претпријатие, секаде.Оставивме белег на тоа што значи општина , да биде добра општина . Оставивме белег дека може да се работе во калиција и да функционираме нормално со различни размислувања, меѓутоа на крајот да донесиме одлука во интерес на граѓаните . Досега сите одлуки што се донесени , јас тврдам дека се за интерес на граѓаните заедно со вас, со сите чинители . ЈП Комуналец е за поздрав за тоа што функционира на едно многу високо ниво. За видливо високо ниво, со сите гости кои што ни доаѓаат , луѓе коишто транзитираат, а сега имавме можност да донесиме и над 15 000 луѓе од страна како регионален пункт за вакцинација во Кавадарци и коментарите кои што ги гледаме и укажувањата од една страна, дека и хигиената и организацијата на целиот град е на високо ниво, тоа треба така да го држиме , да биде одржливо и никако не смееме политички да дозволиме да се спуштиме на пониско ниво . Во делот на вработувањата во ова 3,5 годишно работење во делот на администрацијата , Јавното претпријатие нема вработување административни . Во делот на техничари кои што се на терен заедно со работниците , во делот на шефови кои се на терен заедно со работниците и во работната сила како Општина со Јавното претпријатие и нормално и по основ на пензионирање и по основ на зголемување на обемот на работа и гранките кои што ги работеше во делот на крпење дупки, дополнителните работи кои што ги додавме како овластувања има и вработувања и ќе има, и тоа е жив процес кој што мора да движе.Сами кажуваме дека наплатата ни е 95 %,, не постои никаде 100 % наплата , ниту во приватна фирма, ниту во јавна фирма, ниту во јавно претпријатие, ниту во државно.Дај боже да може некој 100% да наплате , тоа може да биде само некоја банка која што прво ги зима парите, а после дава . Така да кога се дава услуга секогаш има и обврски и работа . Многу ми е мило што еве советниците од ВМРО, меѓутоа и од Социјалдемократскиот Сојуз, така се усогласивте во една работа, дека треба заеднички да се размислува , да се работи,. да не биде политиката пред се и и партијата и само така може да успееме и како општина, меѓутоа и како држава. Ако ги ставиме партиските интереси пред народот и јавните интереси во тој случај нашиот интегритет и авторитет веќе за брзо време ќе го потрошиме . Тука имаме многу перспективни луѓе во Советот, имаме и млади кадри и докторска афела и професорска и од сите други гранки , така да не треба да си дозволиме авторитетот и

интегритетот да си го загубиме личен. Ја мислам дека кога би посакал, би посакал пак и во нареден мандат ваков совет за да Кавадарци оди уште понапред. Нека бидеме пример еве во државата, па да видеме кој е во право. Ја верувам дека ние сме тие кои сме во право, затоа што Кавадарци во овие 3,5 години добива, а не добива ниту Митко Јанчев лично, ниту советникот, тоа го добиваат граѓаните. Да 2 300 000 евра тендер за грант комплетен од КФ Европската Банка и Сојузна Република Германија одобрен на ЈП Комуналец. Вчера е објавен повикот за тендерирање. Повикот затоа што е голем го објавуваат меѓународен, 45 дена ќе трае, тоа се 9 проекти, исклучиво изградба, реконструкција на канализациона и атмосферска канализација. Сами знаете дека Кавадарци е слабо во однос на атмосферските канализации, така да тука е вклучена и Марена дел и дел на Кавадарци приградски населби., целокупно 9 проекти кои што сигурно ќе се работат во наредните 2 години, се од многу голем обем и развој за работа. Јавното претпријатие во овие 3,5 години покрај зголемениот обем на работа, остварува континуирана добивка и вкупниот обем на приходи кои што ги остварува ЈП, со доаѓањето на овој состав на чело со мене како Градоначалник 165 000 000 денари му беше вкупниот приход на Јавното претпријатие, сега е 245 000 000 денари. Од каде дојдоа тие пари? Тие пари дојдоа главно од околу 35-40 000 000 денари од фитинг тарифата за повластена енергија која што благодарение на разборот на Владата ни беше одобрено и беше потпишан десетгодишен договор да зимаме повластена тарифа на производство на електрична енергија при нашите мини хидроцентрали. Тоа се 40 000 000 денари и Општина Кавадарци подигнаа, драстично буџетот према Јавното претпријатие односно некаде за 30 000 000 денари, од 25 -30 сега не се фаќаме точно за збор, даваме екстра плус годишно во делот на зеленило, јавна хигиена и дополнителните работи кои што ги праве претпријатието, значи тоа се скоро 70 000 000 денари, а кога ќе се вратиме назад од 170 000 000 денари, значи ние по основ покачување на вода и по основ на покачување на износ на смет немаме никаква придобивка од таа работа.Нормално јавното претпријатие тие пари што ги добива, ги менаџира и ги трансформира во една услуга на граѓаните и мислам дека нема сегмент и нема сектор во ЈП Комуналец кадешто да немаме поместување или унапредување. Еве тука е и советникот кој што исто така е дел од раководството и раководителот на Градската Капела, на градските гробишта каде што направивме паркинзи и тоалети и електрично возило мислам дека не заборавивме ни еден сектор од ЈП Комуналец. Морам да спомнам дека утре ќе има промоција. Јавното претпријатие утре ќе ги промовира три товарни мини возила, комбинирани товарни, патнички, тоа се оние пикапови што ги имат,

набавка на метларка уште една голема и набавка на самоподигач за контејнери. Меѓутоа тука нема да застанеме , ќе одиме уште поиновативно и покреативно за наредната седница на Совет , еве ова нека биде како најава ќе презентираме еден план за замена на постоечките контејнери од 1,1 м3 со нови иновативни контејнери коишто ги има поставено во Нови Сад претежно , по Европа, европските земји, Германија . Тоа е сериозна инвестиција, ама за наредните 5 години да ставиме полуподземни контејнери од 2, 3 и 5 м3, значи ќе направиме една презентација за наредниот совет , каде што тие контејнери ќе бидат презентирани и дека некаде околу 150 треба да набавиме такви и износот на смет во тој случај нема да биде како досега со двајца луѓе, па контејнерот да го закаче итн, него со кран се ваде вреќата , се исфрла ѓубрето и во делот на заштита на работна сила , во заштита на енергија во делот на автоматизација на тие контејнери ќе бидат со GPS системи, предвидени ќе бидат со сензори за кога е празен, кога е полн и најбитно од се ние веќе повеќе во Кавадарци и околината на Кавадарци нема да гледаме ѓубре. Тоа е затворен систем , каде што сега имаме ние контејнерски систем при дождови, врнежи, ветрови или од некакви други ситуации ѓубрето го гледаме по улиците . Во овој смисол ѓубрето буквално не се гледа и ќе бидеме прва општина која ќе го имплементира и спроведе тоа и пред град Скопје ако бидеме единствени и ако успееме да обезбедиме и грант и финансирање од Јавното претпријатие. Ви благодарам.

ДУШИЦА КРСТИЌ: Јас ќе бидам кратка во однос на тоа што се повика колегата советник Лазар Туриманџов во однос на претходниот советник , а сега актуелен пратеник на ВМРО Зоран ЈованчевЗначи сите пратеници кои што се од ВМРО ДПМНЕ не ги гласаат законите бидејќи се штетни за граѓаните на Р. Македонија . Значи вие ме повикавте за да му кажам . Еве сега јавно ви кажувам дека таа работа таму што си ја бркат пратеници во Парламентот во Собранието е нивна, меѓутоа гласаат само тоа што е во интерес на граѓаните . Тоа што не е во интерес на граѓаните не го гласаат . Толку.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги немојте точки што се надвор од дневен ред.Значи и ова и претходната не чинат .

Колеги едно е реплика , друго е објаснување.

Точката ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно 19 за.

22.Предлог-Одлука за усвојување на тримесечен извештај за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање.Кој е за? Едногласно.

23.Одлука со арх.бр.02-937/3 од 25.05.2021 година, за поништување на одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци со арх.бр.02-1649/3 од 07.12.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.
Отварам расправа по точка број 23. Дали некој бара збор?Не бара никој збор.Бевме на Комисија, се издоговоривме незнам кој од колегите присуствуваа и усогласивме ставови. Ако не бара никој збор , точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно .
24.Предлог-Одлука за усвојување на на тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Колеги дали некој бара збор по Извештајот на МХЕЦ Лукар . Не бара никој, точката ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.
25.Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Отварам расправа . Дали некој бара збор?Не бара никој, одиме со гласање . Кој е за? Едногласно.
26.Извештај за работењето на Јвното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2021-31.03.2021 година со број 03-1307/3 од 18.05.2021 година;
Отварам расправа по оваа точка . Нема бара никој збор , точката ја ставам на гласање. Кој е за ? Едногласно.
27. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци со број 03-1307/4 од 18.05.2021 година;
Колеги отварам расправа по оваа точка .Дали некој бара збор?Не бара никој, ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.
Колеги од 28 точка , па заклучно 34 точка е Одлука за одобрување на финансиски средства, да не ги читам истите точки 7 пати отварам расправа по сите . Доколку никој не бара збор, ги ставам на гласање. Записникот една по една , значи треба 7 пати да ги гласаме.
28.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мери Парчева);
Кој е за? Едногласно.
29.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Петар Таев);
Едногласно.

30.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Александар Сапанџиев );
Едногласно.
31.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Душица Крстик)
Едногласно.
32.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Киро Илов)
Едногласно.
33. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Александар Јованов)
Едногласно.
34. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Когитацио Рационалис)
Едногласно.
35.Предлог-Одлука за отстапување на користење простор во сопственост на општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци.
Отварам расправа.Дали некој бара збор? Повели Виолета.
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Добар ден на сите. Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет , почитувани советници , граѓани и медиуми сакам да ја пофалам иницијативата за формирање на овој Младински Центар, кој што ќе се наоѓа и ќе работи во просториите на Домот на Културата, на третиот спрат. Просториите ќе бидат 2 конференциски сали и една канцеларија . Тука ќе работат организациите КРЕАТИВ И СППМ. Ние сме први во Македонија кој што има формирано ваков Младински Центар. Тој ќе работи според своја програма и план . Му посакувам многу успех понатаму во работата.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке . И ние исто се вклучуваме кон твојот поздрав, сите советници, заедно со Градоначалникот и администрацијата . Дали некој друг бара збор? Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за ?Едногласно.
36.Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2022 година
Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.
37.Предлог-Одлука за примање донација –Проект-идејно решение за изградба на „Парк на културата„ во Кавадарци од Здружение за

екологија, животна срединаи просторно планирање, ЕКО ИНДИКАТОР Кавадарци.

Отварам расправа. Нема никој за збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно .

Колеги само јас да дадам една покана до сите советници, баш по повод овој проект во 16 часот во Винската куќа има презентација од страна на професорите кои што го имат изготвено проектот. Имаме покането од неколку институции од Кавадарци, гости и ве поканувам сите колку што сте во можност да дојдите да го видете тоа на видео бим.

Се извинувам 38 не ми е запишана точката од колегата Петар што ја ставивме дополнително.

38.Одобрување на финасиски средства од Буџет за ГФК Тиквеш , награда за влез во прва лига .

Одиме и со оваа точка , објасни Градоначалникот, нема да бараме повторно. со гласање , а може ќе има потреба нареден Совет после ребаланс уште еднаш пак да ја доформулираме , да ја дадиме уште еднаш. Кој е за ? Колеги со 2 воздржани и 17 за ја изгласавме оваа точка..

Со ова завршуваме со денешната седница.Седницата ја прогласувам за затворена .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев